<u>Macedonian - Спасение Писмата - Salvation Scriptures</u>

**Ефесјани 2:2 во кои живеевте некогаш според векот на овој свет, според кнезот на воздушните сили - духот, кој дејствува сега меѓу синовите на непокорноста.**

**Матеј 6:10 да дојде Твоето царство, да биде Твојата волја, како во небото, така и на земјата;**

**Лука 22:42 велејќи: „Татко! Ако сакаш, отстрани ја оваа чаша од Мене! Но нека не биде Мојата, туку Твојата волја!”**

**Јован 16:7-9 Сепак, Јас ви ја кажувам вистината: подобро е за вас, Јас да си отидам; зашто ако не си отидам, Утешителот нема да дојде при вас; ако пак заминам, ќе ви Го испратам. 8 А кога ќе дојде Тој, ќе го увери светот за грев и за правда и за суд. 9 За грев - зашто не веруваат во Мене;**

**2 Тимотеј 2:10 Заради тоа издржувам сè заради избраните, та и тие да добијат спасение со вечна слава во Христа Исуса.**

**Римјаните 15:20,21 Но, при тоа сметав за чест да не го проповедам Евангелието таму, каде што Христовото име веќе беше познато, за да не ѕидам врз туѓи основи, 21 туку како што е напишано: „Ќе Го видат оние, на кои ништо не им беше навестено за Него, и ќе разберат оние, кои не чуле.”**

**Дела 2:36,37 И така, нека сиот Израелев дом знае веродостојно дека Бог Го направи Господ и Христос, Овој Исус, Кого вие Го распнавте!” 37 А кога го чуја тоа, ги засегна во срцето и му рекоа на Петра, и на другите апостоли: „Мажи, браќа, што да правиме?”**

**Евреите 4:2 Зашто и ние ја чувме Радосната Вест како и тие; но немаа полза од словото што го чуја, зашто не беше придружено со вера, кај оние кои го беа чуле.**

**Еремија 24:7 И ќе им дадам срце за да Ме познаат дека Јас Сум Господ, за да бидат Мој народ, а Јас нивни Бог, зашто тие пак ќе се обратат кон Мене со сето свое срце.**

**Дела 16:14 И некоја богобојазлива жена по име Лидија, продавачка на пурпурно платно од градот Тиатир, слушаше; и Господ и го отвори срцето да внимава на Павловите зборови.**

**Матеј 13:14,15 И врз нив се исполнува пророштвото на Исаија, кое вели: ‘Со уши ќе слушате и нема да разбирате; со очите ќе гледате и нема да видите. 15 Зашто срцето на овој народ отапело; и со ушите тешко слушаат, и ги затворија своите очи; за да не гледаат со очите, или да слушаат со ушите, и да разберат со срцето и да се обратат, и Јас да ги исцелам.’**

**Исаија 6:9,10 Тој одговори: „Отиди и речи му на тој народ: ‘Со уши ќе слушате, но нема да разбирате, и со очите ќе гледате, но нема да**

**видите.' 10 „Закорави му го срцето на овој народ, заглуши му ги ушите, заслепи му ги очите, да не гледа со очите, да не слуша со ушите и да не разбира со срцето, и да не се обрати и да не се излекува."**

**Марко 4:11,12 И им рече: „Вам ви е дадена тајната на Божјото Царство, а на оние кои се надвор, сè биднува во параболи, 12 за 'гледајќи да гледаат и да не видат; и слушајќи да слушаат, а да не разбираат, за да не се покајат и да не им биде простено'."**

**Јован 12:39,40 Затоа не можеа да веруваат, зашто Исаија уште рече: „ 40 Им ги заслепи очите, и им ги скамени срцата; за да не гледаат со очите, за да не разбираат со срцето; и за да не се обратат - и да не ги излечам."**

**Римјаните 11:7,8 како што е напишано: „Бог им даде дух на мртвило, очи да не гледаат и уши да не слушаат до денешниот ден."**

**2 Солуњани 2:10,11 и со секаква неправедна измама, за оние кои загинуваат, зашто не ја примија љубовта кон вистината за да се спасат. 11 И затоа Бог ќе им испрати заблудна дејност за да и веруваат на лагата,**

**Матеј 13:18-23 "И така, чујте ја вие параболата за сејачот. 19 Кога некој го слуша словото за царството, а не го разбира, тогаш доаѓа лукавиот и го граби тоа што е посеано во неговото срце; тоа е, што е посеано покрај патот. 20 А посеаното на каменити места е оној, кој го слуша словото и веднаш го прима со радост, 21 но нема корен во себе, и привремен е, и кога ќе настане неволја или гонење заради словото, веднаш се соблазнува. 22 А посеаното меѓу трње е оној, кој го слуша словото, но грижите за светов и измамата на богатството го загушуваат словото, и станува неплоден. 23 А посеаното на добра земја е оној, кој го слуша словото и го разбира; кој навистина раѓа плод и донесува: едниот стократно, другиот шеесет, и другиот триесет."**

**2 Коринтјани 3:15,16 И така до денес, кога го читаат Мојсеја, покривалото им лежи на нивното срце. 16 Но, кога Израел се обрати кон Господа, покривалото се отстранува.**

**Исаија 30:28 Здивот Му е како збуен поток што достига до грлото. Тој доаѓа да ги просее народите во погубувачкото решето, да стави узди за заблудување во челустите на народите.**

**Осија 11:3-7 а Јас го учев Ефрема да оди, држејќи го за неговите раце; но тие не сознаа дека се грижев за нив. 4 Ги привлекував со човечки јажиња, со врските на љубовта; им бев како оној, кој во нивната челуст ја олабавува уздата; се наведнував над него и му давав да јаде. 5 Тој ќе се врати во Египетската Земја, Асирецот ќе му биде цар, зашто не сакаше да се врати кај Мене. 6 Мечот ќе почне да беснее низ неговите градови, ќе ги погуби неговите младенци; ќе голта**

**заради неговите помисли. 7 Мојот народ е наклонет кон отпаѓање, иако го повикуваат кон Вишниот, никој нема да го исправи.**

**Дела 26:18 за да им ги отвориш очите, и да се обрнат од темнината кон светлината; од сатанската власт кон Бога, и преку верата во Мене да примат опростување на гревовите и наследство меѓу осветените.'**

**2 Тимотеј 2:24-26 А Господовиот слуга не смее да се расправа, туку треба да биде кроток кон сите, способен да поучува и да трпи; 25 да ги воспитува со кротост оние кои се противат, та не би ли им дал Бог покајание, за полно познавање на вистината, 26 за да се отрезнат од мрежата на ѓаволот, кој ги заробил за да ја исполнуваат неговата волја.**

**Откровение 3:17-19 Зашто велиш: богат сум и се збогатив, и ништо не ми треба, а не знаеш дека си беден и несреќен, и сиромав и слеп, и гол. 18 Те советувам да купиш од Мене злато, пречистено во оган, за да се збогатиш; и бели облеки, за да се облечеш и да не се појави срамотата на твојата голота; и очна маст, за да ги намачкаш своите очи, за да гледаш. 19 Јас ги укорувам и казнувам оние, кои ги љубам; затоа биди ревностен и покај се!**

**2 Коринтјани 7:10 Зашто, жалоста по Бога донесува покајание за спасение - за кое не се кае, а жалоста на светов донесува смрт.**

**1 Цареви 18:37 Послушај ме, Господи; послушај ме, за да знае сиот овој народ дека Ти, Господ, си Бог и дека Ти ќе ги обратиш нивните срца."**

**2 Коринтјани 4:4 за неверните, на кои богот на овој свет им го заслепил разумот, за да не ги осветли светлината на Евангелието за славата на Христа, Кој е Божји лик.**

**Лука 8:11-15 А ова парабола значи: семето е Божјото Слово. 12 Оние крај патот - тие чуле; потоа доаѓа ѓаволот и им го зема словото од нивните срца, за да не поверуваат и да не се спасат. 13 На камен се тие, кои - штом чујат - со радост го примаат Словото, но ни тие немаат корен; веруваат некое време, но отпаѓаат во време на искушенија. 14 Паднатото меѓу трње, тоа се оние, кои слушале и кога си отидат ги задушуваат грижите, богатството и животните уживања, и не донесуваат зрел плод. 15 А она на добрата земја - тоа се оние, кои ќе го чујат Словото, го чуваат во добро и чисто срце и донесуваат плод во трпение."**

**Дела 15:11 Но ние веруваме дека ќе се спасиме исто како и тие, преку благодатта на Господа Исуса."**

**Римјаните 8:13 Зашто, ако живеете по телото, ќе умрете; но ако преку Духот ги умртвувате телесните дејства - ќе живеете.**

**Pastor T. John Franklin**
**Church of Salvation, Healing, and Deliverance**
**COS-HAD.org**